РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0302-1033/1
28.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Втор седумдневен извештај на Агенцијата**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


Почитувани,

Согласно обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува вториот седумдневен извештај што се однесува на периодот од 21 до 27 февруари 2024 година.

Во него Ве информираме дека мониторингот на известувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања за Претседателските и за Парламентарните избори во 2024 година, се одвиваше непречено.

Беа реализирани и интервјуа со потенцијални надворешни соработници за мониторингот на медиумското покривање на изборите во текот на изборната кампања.

Во овој извештаен период, Агенцијата реагираше и на изјавата на претседателот на политичката партија СДСМ, Димитар Ковачевски, во која обвини медиуми дека *„самите се продале и уште сега се продаваат"* и се ставаат во функција на една политичка партија. Агенцијата потенцираше дека етикетирањето на медиуми, особено во чувствителни периоди како предизборните, негативно се одразува на слободата на изразување и го нарушува достоинството на медиумските работници, и потсети дека е неопходно да се почитуваат стандардите и затоа ги повика политичарите да се воздржат од употреба на јазик со којшто се дискредитираат медиумите.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**